ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ



Во чест и сеќавање на прерано починатиот основач на Европски Универзитет Скопје, проф.д-р Бојо Андрески, а во функција на остварување придонес кон заедницата и оддавање признание за посветеноста и трудот на здравствените работници за заштита и унапредување на здравјето, Управниот одбор на ден 03.06.2024 година го распишува следниот:

# КОНКУРС

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ „ПРОФ.Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ“ НА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ЗА СТУДИСКА ПРОГРАМА ОД II ЦИКЛУС „ЗДРАВСТВЕН И ФАРМАЦЕВТСКИ МЕНАЏМЕНТ“

Европски Универзитет Скопје во студиската **2024/2025** година ќе додели **3 /три/ стипендии „ПРОФ.Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ“** на **здравствени работници** за студирање на **II циклус** постдипломски студии на Факултетот за економски науки – студиска програма **„Здравствен и фармацевтски менаџмент“** во траење од 1 година, 60 ЕКТС кредити и звање **„Магистер по економски науки во област Здравствен и фармацевтски менаџмент“**.

| Стипендија 1 | Стипендија 2 | Стипендија 3 |
|---|---|---|
| **целосна стипендија - 100%**<br>ослободување од обврската за уплата на годишна школарина | **делумна стипендија - 70%**<br>ослободување од обврската за уплата на годишна школарина | **делумна стипендија - 50%**<br>ослободување од обврската за уплата на годишна школарина |

### КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Право на аплицирање имаат здравствени работници кои ги исполнуваат следните критериуми:

- завршено високо образование со најмалку 240 ЕКТС кредити
- просечна оценка од студии најмалку 8,00
- државјани на Македонија

### НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Кандидатите кои ги исполнуваат условите од конкурсот пополнуваат електронска пријава достапна на веб-сајтот www.eu.edu.mk и заедно со соодветната документација ја доставуваат на e-mail адресата stipendii@eurm.edu.mk, а доколку немаат можност електронски да аплицираат, пополнуваат хартиена пријава и ја доставуваат потребната документација по Конкурсот во Студентската служба на Европски Универзитет, (бул.„Св.Климент Охридски“ бр.68 Скопје), секој работен ден, од 08:00 – 18:00 часот.

Аплицирањето по конкурсот се врши во периодот од **03.06.2024 до 04.07.2024 год. (четврток)**

Резултатите за извршен избор и доделени стипендии ќе бидат јавно **соопштени на ден 04.07.2024 година** во 12:00 часот.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ ЗА СТИПЕНДИИ

1. Апликација по Конкурс и Мотивациско писмо (*обрасците се достапни на www.eu.edu.mk);
2. Потврда за работен однос заснован во здравствена установа / организација од јавен / приватен сектор;
3. Уверение за завршен прв циклус студии;
4. Уверение за државјанство;

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Стипендиите се доделуваат по случаен избор од сите пристигнати апликации на кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно Конкурсот, со извлекување кое јавно ќе се одржи во свечениот Амфитеатар на Европски Универзитет и ќе се пренесува во живо - online преку платформата Zoom на ден 04.07.2024 во 12:00 часот. Воедно, овозможено е и физичко присуство на сите заинтересирани кандидати.

За дополнителни информации, обратете се до Студентската служба на Европски Универзитет, секој работен ден од 08:00 – 18:00 часот, на e-mail: studentska@eurm.edu.mk и на телефонските броеви 02 320 21 00, 02 320 2101 и 078 482 050.

Ве очекуваме.

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Едно семејство, една визија!